Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

З А К Л У Ч О К

за објавување на Завршната сметка на
Буџетот на Општината Битола за 2007 година

1. Ја објавувам Завршната сметка на Буџетот на Општината Битола за 2007 година, донесена на седницата на Советот на Општината Битола, одржана на 14.03.2008 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола”.

Бр. 08-644/1
18.03.2008 год.
Б и т о л а

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општината Битола,
Владимир Талески

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на Р.М.”бр.5/2002) и член 22 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Битола (“Службен гласник на Општина Битола бр.10/05 ), Советот на Општина Битола на седницата одржана на ден 14.03.2008 година, донесе

**З А В Р Ш Н А С М Е Т К А**
**НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА БИТОЛА**
**ЗА 2007 ГОДИНА**

**Член 1**

Завршната сметка на Буџетот на единицата на локалната самоуправа за 2007 година се состои од:

| | Планирани | Реализирани |
|---|---|---|
| **-Вкупно приходи** | **598.663.236 денари** | **542.091.183 денари** |

| | | |
|---|---|---|
| Даночни приходи | 206.819.998 денари | 193.818.840 денари |
| Неданочни приходи | 15.978.431 денари | 12.642.983 денари |
| Капитални приходи | 1.780.000 денари | 2.391.999 денари |
| Трансфери | 44.315.205 денари | 75.264.073 денари |
| Дотации | 172.559.981 денари | 172.680.864 денари |
| Приходи од самофинансирачки активности | 90.877.350 денари | 49.115.007 денари |
| Донации | 50.164.800 денари | 29.591.808 денари |
| Пренесено салдо од 2006 година | 16.167.471 денари | 6.585.609 денари |

**-Вкупно расходи 598.663.236 денари 423.418.010 денари**

| | | |
|---|---|---|
| Утврдени намени | 598.111.229 денари | 423.353.289 денари |
| Резерви | 552.007 денари | 64.721 денари |

**-Салдо на 31-12-2007 118.673.173 денари**

**Член 2**

Разликата помеѓу остварените приходи и извршените расходи на основниот буџет во износ од 76.053.131 денари се пренесува како вишок на приходи од претходната година на основниот буџет на Општина Битола за 2008 година.

Разликата помеѓу остварените приходи и извршените расходи на буџетот на наменски дотации во износ од 4.743.403 денари се пренесува како вишок на приходи од претходната година на буџетот на наменски дотации на Општина Битола за 2008 година.

Разликата помеѓу остварените приходи и извршените расходи на буџетот на самофинансирачки активности во износ од 8.929.343 денари се пренесува како вишок на приходи од претходната година на буџетот на самофинансирачки активности на Општина Битола за 2008 година.

Разликата помеѓу остварените приходи и извршените расходи на буџетот на донации во износ од 28.947.296 денари се пренесува како вишок на приходи од претходната година на буџетот на донации на Општина Битола за 2008 година.

**Член 3**

Планираните и остварените приходи по извори и видови, односно планираните и извршените расходи по основни намени се искажани во билансите на приходи и расходи на Завршната сметка на Буџетот на единицата на Општината Битола за 2007 година и во Посебниот дел по програми и основни намени по економска класификација и тоа:

**Член 4**

Во Посебниот дел на Завршната сметка на Буџетот на Општина Битола за 2007 година се прикажуваат расходите по програми, подпрограми, по сметки и ставки.

**Член 5**

Општиот дел на Завршната сметка на Буџетот на Општина Битола за 2007 година се објавува во Службениот гласник на Општината Битола.

Бр.07-551/3
14.03.2008 г.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината Битола
Лилјана Кузмановска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

# З А К Л У Ч О К

за објавување на Решението за усвојување Годишниот извештај за финансиското работење на Општината Битола за 2007 година

1. Го објавувам Решението за усвојување Годишниот извештај за финансиското работење на Општината Битола за 2007 година, донесено на седницата на Советот на Општината Битола, одржана на 14.03.2008 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола”.

Бр. 08-644/2
18.03.2008 год.
Б и т о л а

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општината Битола,
Владимир Талески

Врз основа на член 34 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 61/04) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 14.03.2008 година, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

за усвојување Годишниот извештај за
финансиското работење на Општината Битола
за 2007 година

1. СЕ УСВОЈУВА Годишниот извештај за финансиското работење на Општината Битола за 2007 година.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола”.

Бр.07-551/4
14.03.2008 г.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината Битола
Лилјана Кузмановска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

# З А К Л У Ч О К

## за објавување на Буџетскиот календар за 2008 година

1. Го објавувам Буџетскиот календар за 2008 година, донесен на седницата на Советот на Општината Битола, одржана на 14.03.2008 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола”.

Бр. 08-644/3
18.03.2008 год.
Б и т о л а

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општината Битола,
Владимир Талески

Врз основа на член 27 став 4 и 5 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ( Службен весник на Р. М. 61/04, 96/04) и член 70 од Статутот на општина Битола ( Службен гласник 10/05) Советот на Општината Битола на седницата одржана на 14.03.2008 година, донесе

## ***БУЏЕТСКИ КАЛЕНДАР ЗА 2008 година***

| МОЖЕН ДАТУМ | БУЏЕТСКИ АКТИВНОСТИ – ОДГОВОРНОСТ |
|---|---|
| декември / февруари – март | Советот на Општината го донесува буџетскиот календар |
| Април | Министерот за финансии доставува до Владата на Република Македонија Фискална стратегија на РМ за наредните три години |
| Април | Советот на Општината разгледува развојни документи, вклучително и фискална стратегија |
| Април-мај | Градоначалникот подготвува општински буџетски циркулар со образложение за потребните средства до општинските буџетски корисници |
| Јуни | Општинските буџетски корисници ги доставуваат предлог-пресметките за наредната година со образложение за висината на износите по позиции |
| јули- август | Одделот за буџет врши преговарање и анализирање на доставените предлог-пресметки и ги одредува приоритетите и одредбите за новиот Предлог-буџет |
| Август | Разгледување на нови барања и предлози по кои одлучува и дава насоки Градоначалникот |
| 30 септември | Министерот за финансии доставува буџетски циркулар со насоки за изготвување на Предлог-буџетот за ј наредната година |
| Октомври | Градоначалникот го разгледува и одобрува Предлог-буџетот подготвен од страна на финансискиот оддел на општината |
| Ноември | а. Предлог-буџетот се доставува до Советот на Општината<br>б. Се објавува содржината на Предлог-буџетот и се дава достапност на јавноста<br>в. Се одржуваат јавни расправи |
| Декември | До Советот се доставува конечен Предлог-буџет од страна на Градоначалникот |
| Декември | Се води расправа во телата на Советот на Општината |
| крај на декември | Седница на Советот на Општината за донесување на Буџетот за наредната буџетска година |
| Јануари | Започнува новата буџетска година |

Буџетскиот календар ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола”.

| | |
|---|---|
| Бр.07-551/5 | ПРЕТСЕДАТЕЛ |
| 14.03.2008 г. | на Советот на Општината Битола |
| Б и т о л а | Лилјана Кузмановска |

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

# З А К Л У Ч О К

за објавување на Одлуката за извршување на траен отпис
на даночни обврски по основ на застареност

1. Ја објавувам Одлуката за извршување на траен отпис на даночни обврски по основ на застареност, донесена на седницата на Советот на Општината Битола, одржана на 14.03.2008 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола”.

Бр. 08-644/4
18.03.2008 год.
Б и т о л а

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општината Битола,
Владимир Талески

Врз основа на член 85-а од Законот за изменување и дополнување на Законот за даноците на имот („Службен весник на РМ” бр.92/2007) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 14.03.2008 год, донесе

ОДЛУКА
за извршување на траен отпис на даночни обврски
по основ на застареност

Член 1

Со оваа Одлука се врши траен отпис на даночните обврски по основ на застареност.

Член 2

Составен дел на оваа Одлука е списокот на пасивни обврзници на кои треба да им се бришат должните салда.

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Битола”

Бр.07-551/6
14.03.2008 г.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината Битола
Лилјана Кузмановска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

# З А К Л У Ч О К

### за објавување на Програмата за одбележување на позначајни историски и културни настани за 2008 година во Општината Битола

1. Ја објавувам Програмата за одбележување на позначајни историски и културни настани за 2008 година во Општината Битола, донесена на седницата на Советот на Општината Битола, одржана на 14.03.2008 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола”.

Бр. 08-644/5
18.03.2008 год.
Б и т о л а

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општината Битола,
Владимир Талески

Врз основа на член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 14.03.2008 година, донесе

# П Р О Г Р А М А

## за одбележување на позначајни историски и културни настани за 2008 година во Општината Битола

### 1. Јубилеи

• 160 години од изградбата на турската воена гимназија во Битола (1848)
• 150 години од првата сесловенска прослава на словенските просветители „Св. Кирил и Методиј” (24 мај 1858)
• 135 години од изградбата и осветувањето на црквата „Св. Недела” во Битола (1863)
• 135 години од отворањето на првото училиште на народен јазик во Битола (1863)
• 125 години од изведувањето на првата театарска претстава на народен битолски говор „Беспаричие” од Тургењев (12.02.1883)
• 125 години од раѓањето и 55 години од смртта на Дијаманди Мишајков (1873-1953)
• 115 години од формирањето на Македонската револуционерна организација МРО (23 октомври, односно 4 ноември 1893 г.)
• 100 години од првата прослава на Денот на трудот – Први Мај во Битола (1 мај 1908 г.)
• 105 години од солунските атентати на гемиџиите (28, 29 и 30.04.1903)
- од Смилевскиот конгрес на МРО (2-7 мај 1903)
- од смртта на Гоце Делчев (4 мај 1903)
- од почетокот на Илинденското востание (2 август 1903)
- од објавувањето на книгата „За македонцките работи” од Крсте Петков Мисирков (25 декември 1903)
• 100 години од одржаниот албански конгрес во Битола на кој била прифатена – донесена албанската азбука (14-28 ноември 1908 година)
• 100 години од Уриетот - младотурската револуција и воспоставување на младотурската власт во Битола (22 јули 1908 година)
• 75 години од формирањето на хорот Абрашевиќ во Битола (1933 г.)
• 65 години од загинувањето на народните херои: Страшо Пинџур, Мирче Ацев (4 јануари 1943 г.) и Ванчо Пркев-Сермен (21 мај 1943)
• 65 години од формирањето на Битолскиот партизански одред „Гоце Делчев” (20 мај 1943)
• 65 години од депортацијта на битолските евреи (11 март 1943)

• 65 години од формирањето на Комунистичката партија на Македонија (Тетово 19 март 1943 г.)
• 65 години од херојската смрт на командантот на Втората оперативна зона Тодор Ангелевски-Строгов (Тошо Даскалот) 12.06.1943 и Панде Кајзерот (23 јуни 1943 г.)
• 65 години од херојската смрт на Стевче Христовски-Патако (28 јули 1943 г.)

• 65 години од од формирањето на првата регуларна единица на македонската војска Баталјонот „Мирче Ацев” (18 август 1943) – ден на Армијата на РМ
- Баталјонот „Страшо Пинџур” (24 септемри 1943 г.)
- Битолско-мариовскиот баталјон (30 октомври 1943)
- Битолско-преспанскиот баталјон „Стив Наумов” (11.11.1943)

• 65 години од борбите со германско-балистичките фашистички војски кај с. Кленовец-Кичевско во кои загинале 70 борци од баталјонот „Мирче Ацев” меѓу кои и раководителите Јосиф Јосифовски-Ѓорче Свештарот, Трајан Белев-Гоце и Мите Трповски-Војводата (6 октомври 1943)
• 65 години од формирањето на Првата македонско-косовска ударна бригата (Сливово-Дебарца, 11 ноември 1943)
• 65 години од формирањето на Втората македонска ударна бригада (Фуштани, 20 декември 1943 г.)
• 65 години од одржувањето на Првиот конгрес на Народноослободителниот младински сојуз на Македонија-НОМСМ (Фуштани, 22 декември 1943 г.)
• 30 години од трагичната смрт на народниот херој, генералот Васко Карангелевски (3 февруари 1978 г.)

2.Тековни календарски одбележувања во 2008 година:

Јануари
• 30 јануари смртта на Павел Шатев – положување на венец или цвеќе на гробот

Февруари
• 4 февруари роденден на Гоце Делчев ( положување на цвеќе на спомен плочата)
• Февруарски поход ( испраќање на писмо до училиштата во Општината за подготвување на тематско предавање од страна на наставниците по историја)

Март

• 5. Март – одбележување смртта на Милтон Манаки
• 8 март денот на жената

• 11 март депортирањето на Битолските евреи 1943 г. ( посета на споменикот и положување цвеќе во соработка со сојузот на борци и друштвото за македонско – еврејско приателство)
• Свети великомаченик Агатангел Битолски – 11 март
• 130 години од раѓањето на Јанаки 08.03.1878 г.

Април
• 6 април смртта на Ѓорѓи Сугарев и неговата чета (положување на цвеќе на неговиот гроб)
• 22 април 1942 г. формирање на Битолскиот партизански одред “Пелистер”(Оштина Битола во соработка со Сојузот на борците)

Мај

- 1 Мај – денот на работникот ( испраќање на писмо до училиштата за изработка на типско предавање)
- 4 мај 1912 смртта на Пере Тошев
- 5 Мај формирање на Окружниот комитет на МРО 1894 година
- 7 мај Денот на Македонската Полиција ( Општината Битола во соработка со МВР)
- 8 мај денот на Димитар Илиевски-Мурато ( Општината во соработка со планинарските друштва од градот
- 9 Мај ден на победата врз фашизмот 1945 г. ( Општина Битола во соработка со Сојузот на борци)
- 9 Мај ден на Европската унија
- 20 Мај 1836 година формирање на Противпожарната служба во Битола ( Општина Битола во соработка со Противпожарната единица)
- 20 Мај формирање на Народно ослободителниот партизански одред Гоце Делчев( Општина Битола во соработка со Сојузот на борци)
- 24 Мај Денот на сесловенските просветители Св. Кирил и Методиј (Општина Битола)

Јуни

- 8 Јуни 1944 г. формирање на Првата Македонска Народно ослободителна Ударна Бригада ( Сојузот на борци и Општината Битола)

Јули

- 6 Јули формирање на Битолско-Преспанскиот Партизански одред Дамјан Груев (општина Битола сојузот на борци)
- 14 Јули Ден од битката на ножот (организирање на посета и положување на венец)
- 23 Јули смртта на Мирка Гинова ( положување на цвеќе на спомен плочата)

Август

- 2 Август Илинденско востание, Прво заседание на АСНОМ И создавање на Македонската држава
- 18 Август денот на АРМ (Општина Битола во соработка со АРМ)
- 22 Август 1944 формирање на Седмата Македонска(Битолска) Народно ослободителна ударна бригада (Општина Битола во соработка со Сојузот на борци)
- 29 Август смртта на Александар Турунџев (положување на цвеќе на спомен бистата)

Септември

- 6 Септември бегството на политичките затвореници од обласниот полициски затвор во Битола (Општина Битола и Сојузот на борци)
- 8 Септември денот на осамостојување на Република Македонија
- 8 Септември формирање на Народно-Ослободителниот Партизански Одред Јане Сандански 1942 (Општина Битола и Сојузот на борци)
- 12 септември 66 години од смртта на Стив Наумов (Општина Битола , Сојузот на борци, Културно Уметничкото Друштво и Основното Училиште)

Октомври
- 6 Октомври формирање на 49 Битолска дивизија 1944 г. (Општина Битола и Сојузот на борци)
- 11 Октомври почеток на Антифашистичкото Востание во Македонија 1941 (подготовка на типско предавање по училиштата )

Ноември
- 4 Ноември 1944 година Ослободување на градот Битола (Општина Битола во соработка со борците)
- 18 Ноември 1944 години формирање на Првата Македонска – Егејска Народноослободителна ударна Бригада (Општина Битола во соработка со Сојузот на борци)

Декември
- 8 Декември „Св Климент Охридски” (Општината во соработка со Универзитетот )
- Св. Нектариј битолски 18 декември
- 23 Декември смртта на Даме Груев 1906г (положување на цвеќе)

Програмата влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општината Битола”.

Бр.07-551/7
14.03.2008 г.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината Битола
Лилјана Кузмановска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

# З А К Л У Ч О К

за објавување на Одлуката за отпочнување постапка
за пристапување кон изработка и донесување на
ДУП за „Блок 4“ - Битола

1. Ја објавувам Одлуката за отпочнување постапка за пристапување кон изработка и донесување на ДУП за „Блок 4“ - Битола, донесена на седницата на Советот на Општината Битола, одржана на 14.03.2008 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола”.

Бр. 08-644/6
18.03.2008 год.
Б и т о л а

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општината Битола,
Владимир Талески

Врз основа на член 11 и 26 став 5 алинеја 2 и чл.17 став 6 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл. весник на РМ” бр.24/08) пречистен текст и член 70 од Статутот на Општина Битола (“Сл. гласник на Општина Битола” бр. 10/05), Советот на Општина Битола на седницата одржана на 14.03.2008 година, донесе

**О Д Л У К А**

отпочнување постапка за пристапување кон изработка и донесување на ДУП за „Блок 4„- Битола

Член 1

**СЕ ОТПОЧНУВА** постапка за пристапување кон изработка и донесување на ДУП за „Блок 4„ Битола.

Границите на Блокот се: на исток се протега по осовина на ул.„Јужна Колекторска„, на југ улицата „Јонче Мурџевски на запад ја следи границата на парцелите КП бр.15204, КП бр. 15171/1 и КП.бр.15171/4 и на север ја прати осовината на планираниот крак на улица „Партизанска”.

Опфатот на вака предложениот Блок има површина од 0,75ха.

Член 2

Финансирањето на постапката за изработка и донесување на ДУП за „Блок 4„ Битола, ќе го врши подносителот на барањето.

.

Член 3

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Битола”.

Член 4

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во „Службен гласник на Општина Битола”

Бр.07-551/8
14.03.2008 г.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината Битола
Лилјана Кузмановска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

## З А К Л У Ч О К

за објавување на Одлуката за отпочнување постапка
за пристапување кон изработка и донесување на
ДУП за „Централно Градско Подрачје 2 дел-Блок 5 и 6“ - Битола

1. Ја објавувам Одлуката за отпочнување постапка за пристапување кон изработка и донесување на ДУП за „Централно Градско Подрачје 2 дел - Блок 5 и 6“ - Битола, донесена на седницата на Советот на Општината Битола, одржана на 14.03.2008 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола”.

Бр. 08-644/7
18.03.2008 год.
Б и т о л а

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општината Битола,
Владимир Талески

Врз основа на член 11 и 26 став 5 алинеја 2 и член 17 став 6 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл. весник на РМ” бр.24/08) пречистен текст и член 70 од Статутот на Општина Битола (“Сл. гласник на Општина Битола бр. 10/05) Советот на Општина Битола на седницата одржана на 14.03.2008 година, донесе

**О Д Л У К А**

отпочнување постапка за пристапување кон изработка и донесување на
ДУП за „Централно Градско Подрачје 2 дел -Блок 5 и 6„- Битола

Член 1

**СЕ ОТПОЧНУВА** постапка за пристапување кон изработка и донесување на ДУП за „Централно Градско Подрачје 2 дел-Блок 5 и 6„ Битола.

Границите на Блокот се: на север осовина на ул.„Прохор Пчински”, крак од ул. „Сремска” до пресек со ул. „Ж.Ј.Шпанац” оди по осовина на ул. „Ж.Ј.Шпанац”, на исток осовина на ул.„Прилепска”до Сали Мостот на југ течениeто на р.Драгор до мостот наул „Бул.1ви Мај” па границата на опфатот на Старата битолска Чаршија која се движи и по западната граница на Блокот и се спојува со осовината на ул. „П.Пчински”.

Опфатот на вака предложениот Блок има површина од 2,5ха.

Член 2

Финансирањето на постапката за изработка и донесување на ДУП за „Централно Градско Подрачје 2 дел -Блок 5 и 6„ Битола, ќе го врши Општина Битола.

.

Член 3

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Битола”.

Бр.07-551/9
14.03.2008 г.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината Битола
Лилјана Кузмановска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

## З А К Л У Ч О К

за објавување на Одлуката за изработка на
нова Стратегија за развој на Општината Битола

1. Ја објавувам Одлуката за изработка на нова Стратегија за развој на Општината Битола, донесена на седницата на Советот на Општината Битола, одржана на 14.03.2008 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола”.

Бр. 08-644/8
18.03.2008 год.
Б и т о л а

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општината Битола,
Владимир Талески

Врз основа на член 62од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр.05/02) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 14.03.2008 год, донесе

ОДЛУКА
за изработка на нова Стратегија за развој
на Општина Битола

Член 1

Со оваа Одлука се покренува иницијатива за изработка на нова стратегија за развој на Општината Битола.

Член 2

За реализација на иницијативата се формира иницијативен тим во состав:

- м-р Виолета Налевска –советник за локален економски развој и менаџер на тимот
- Трајан Котевски- советник за локален економски развој
- м-р Зора Симјановска – раководител на одделение за комунални дејности и уредување на градежно земјиште
- Евгенија Јосифовска – советник за култура и спорт
- Снежана Петревска – советникза образование
- Јовко Крстевски - директор на ЈП „Комуналец” -Битола
- м-р Ирена Ружин – раководител на Туристички инфо центар Битола
- Сашо Ангеловски – виш локален организатор на МААСП
- Гоце Николоски - член на Совет на Општина Битола
- Живко Гацовски - член на Совет на Општина Битола
- Сашо Павловски - член на Совет на Општина Битола
- Кирчо Ташковски - член на Совет на Општина Битола
- Благој Стојчев – претседател на Регионална Стопанска комора Битола
- Велјан Димковски – секретар на Регионална Стопанска комора Битола
- Сашо Јанакиевски – Еко клуб Битола

Член 3

Процесот на изработка на стратегијата за развој ќе биде поддржана од страна на Проектот за поддршка на процесот на децентрализација, проект финансиран од ЕУ, имплементиран од Хелсинки Цонсултинг Гроуп.

Член 4

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во „Службен гласник на Општина Битола”

Бр.07-551/10
14.03.2008 г.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината Битола
Лилјана Кузмановска